**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ**
**За период јануари - септември 2023 година**

АЛКАЛОИД АД Скопје, во периодот јануари-септември 2023 година оствари позитивни финансиски резултати, искажани во неревидираните единечен и консолидиран биланс на успех.

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Во 2023 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во финансиските извештаи на АЛКАЛОИД АД Скопје.

**Вкупни приходи**

Остварените единечни вкупни приходи во периодот јануари-септември 2023 година изнесуваат 9.548.650 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2022 година бележат раст од 6%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 96%, имаат приходите остварени со продажба на производи и на услуги, кои во споредба со остварените во 2022 година бележат раст од 13%.

Остварените консолидирани вкупни приходи во периодот јануари-септември 2023 година изнесуваат 12.702.433 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2022 година бележат раст од 8%. Во структурата на вкупните приходи, најголемо учество, 98%, имаат приходите остварени со продажба на производи и на услуги, кои во споредба со остварените во 2022 година бележат раст од 14%.

**Вкупни расходи**

Остварените единечни вкупни расходи во периодот јануари-септември 2023 година изнесуваат 8.138.326 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2022 година бележат раст од 6%.

Остварените консолидирани вкупни расходи во периодот јануари-септември 2023 година изнесуваат 11.249.514 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2022 година бележат раст од 7%.

**Дивиденда**

На 3 април 2023 година, на Годишното собрание на акционерите, е одобрена пресметка и исплата на бруто-дивиденда за 2022 година, во износ од 701.363 илјади денари, односно 441 денари нето за една акција што во однос на исплатената дивиденда по акција за 2021 година од 396 денари нето е поголема за 11,36%.

**Инвестиции**

Вкупните инвестиции во основни средства во периодот јануари – септември 2023 година изнесуваат 1.240.857 денари и во споредба со остварените во истиот период од 2022 година бележат раст од 47 %. Ваквото зголемување на инвестициите се должи на најголемиот инвестициски проект на АЛКАЛОИД во последните 20 години – новото производствено одделение за производство на цврсти форми 2 – со кој се зголемуваат капацитетите за производство на цврсти форми за повеќе од двапати.

**Обврски по основа на кредити**

Вкупните консолидирани обврски по основа на кредити на 30.09.2023 година изнесуваат 1.862.251 илјади денари.

**Вработени**

Во периодот јануари – септември 2023 година во АЛКАЛОИД АД Скопје е реализирано 191 ново вработување во РС Македонија. Со одлука на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, во март 2023 година е одобрен и исплатен регрес за користење годишен одмор за вработените во компанијата во висина на нето-износот од 36.500 денари. Групацијата АЛКАЛОИД брои 2.787 вработени, од кои 2.122 се во земјава, а 665 се вработени во подружниците во странство.

**Поважни позиции од билансот на успех**

Остварените единечни и консолидирани резултати од работењето за периодот јануари-септември 2023 година, структурата, динамиката и споредбите со остварувањата во претходната година се прикажани во следните табели:

**Единечни продажби на готови производи и услуги**

(Во 000 Ден)

| | 2023 | | 2022 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **23/22** |
| Домашен пазар | 2.535.945 | 28 | 2.364.371 | 29 | 107 |
| Странски пазар | 6.676.396 | 72 | 5.797.328 | 71 | 115 |
| **Вкупно:** | **9.212.341** | **100** | **8.161.699** | **100** | **113** |

**Консолидирани продажби на готови производи и услуги**

(Во 000 Ден)

| | 2023 | | 2022 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **23/22** |
| **Домашен пазар** | **3.790.090** | **30** | **3.448.975** | **31** | **110** |
| Југоисточна Европа | 3.527.858 | 28 | 3.350.899 | 30 | 105 |
| Источна Европа (ЗНД, УКР, ...) | 2.318.167 | 19 | 1.792.118 | 16 | 129 |
| Западна Европа (ЕУ и ЕФТА) | 2.732.966 | 22 | 2.256.050 | 21 | 121 |
| Други земји | 114.855 | 1 | 140.872 | 1 | 82 |
| **Вкупно странски пазари** | **8.693.846** | **70** | **7.539.939** | **69** | **115** |
| **Вкупно:** | **12.483.936** | **100** | **10.988.914** | **100** | **114** |

Од вкупните консолидирани продажби, 70% се остварени на странските пазари. Најголем пораст кај извозните пазари бележат продажбите остварени во земјите од Источна Европа (раст од 29%) и во земјите од Западна Европа (раст од 21%).

**Поважни позиции од билансот на успех (продолжение)**

(Во 000 Ден)

| | 2023 | | 2022 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Групи на производи** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **23/22** |
| Антибиотици | 3.507.567 | 28 | 2.623.715 | 24 | 134 |
| ОТЦ препарати | 2.310.405 | 19 | 1.952.925 | 18 | 118 |
| Кардиолошки препарати | 1.472.684 | 12 | 1.491.484 | 14 | 99 |
| Невролошки препарати | 1.554.572 | 12 | 1.440.724 | 13 | 108 |
| Други линии | 965.795 | 8 | 975.663 | 9 | 99 |
| **Вкупно производи - Алкалоид** | **9.811.023** | **79** | **8.484.511** | **77** | **116** |
| Трговска стока | 1.324.703 | 11 | 1.135.065 | 10 | 117 |
| Услуги и останати приходи | 65.324 | 1 | 47.444 | 0 | 138 |
| **Вкупно Фармација** | **11.201.050** | **90** | **9.667.020** | **88** | **116** |
| **Вкупно Хемија** | **250.403** | **2** | **300.751** | **3** | **83** |
| **Вкупно Козметика** | **866.154** | **7** | **803.644** | **7** | **108** |
| **Вкупно Билкарство** | **166.329** | **1** | **217.499** | **2** | **76** |
| **Вкупно:** | **12.483.936** | **100** | **10.988.914** | **100** | **114** |

**Добивка пред финансиски трошоци, даноци и амортизација (ЕБИТДА)**

(Во 000 Ден)

| | 2023 | | 2022 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Износ** | **% во Продажби** | **Износ** | **% во Продажби** | **23/22** |
| Единечна ЕБИТДА | 2.096.791 | 23 | 1.917.510 | 23 | 109 |
| Консолидирана ЕБИТДА | 2.222.311 | 18 | 1.980.880 | 18 | 112 |

**Нето добивка**

(Во 000 Ден)

| | 2023 | | 2022 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Износ** | **% во Продажби** | **Износ** | **% во Продажби** | **23/22** |
| Единечна Нето добивка | 1.299.695 | 14 | 1.160.140 | 14 | 112 |
| Консолидирана Нето добивка | 1.295.368 | 10 | 1.140.264 | 10 | 114 |

Остварената единечна нето-добивка во 2023 година изнесува 1.299.695 илјади денари и во споредба со остварената во 2022 година бележи зголемување за 12%.

Остварената консолидирана нето-добивка во 2023 година изнесува 1.295.368 илјади денари и во споредба со остварената во 2022 година бележи зголемување за 14%.

**Бизнис-план за 2023 година**

Бизнис-планот за 2023 година, донесен со одлука на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје на седницата одржана на 29.12.2022 година, предвидува инвестирање на околу 11 % од консолидираните приходи од продажбите во материјални и во нематеријални средства, раст од 10 % на консолидираните продажби во однос на 2022 година, како и раст од 7 % на консолидираниот профит пред оданочувањето, во однос на 2022 година.

Бизнис-планот за 2023 година е базиран на очекувањата, проекциите и на можностите на тековните и на новите пазари и производи достапни за компанијата во моментот на изготвување на планот. Околностите и настаните во 2023 година, а со тоа и остварените резултати, може да варираат во однос на прикажаните во бизнис-планот.

**Очекувања за претстојниот период**

Во изминатиот период друштвото се соочи со голем број интерни и екстерни предизвици и новонастанати ризици генерирани од енергетската и од економската криза. Презедовме голем број мерки во досегашниот период со цел неутрализирање на сите негативни ефекти, без притоа да се загрози успешното работење на друштвото.

Во согласност со очекувањата, она кое доминираше во 2022 година, а кое продолжува и во 2023 година е забележителниот раст на цените на голем дел од влезните суровини и материјали и на енергенсите, како и порастот на цените за транспорт на глобално ниво, а особено значителните пролонгирања на роковите за испорака.

Сето ова влијаеше и врз стапката на инфлација, која достигна високо ниво, но и врз намалената предвидливост за нејзините идни трендови. Во исто време, каматните стапки на регионалните и на европските пазари достигнаа рекордно високо ниво во последните неколку години, што дополнително ги оптоварува оперативните трошоци во работењето. Покрај сето тоа, изразената неизвесност на глобалните економски текови доведе и до варијабилност на повеќето национални валути, што значително го зголемува ризикот од негативни курсни разлики во работењето.

Како најголем предизвик и како прв приоритет за периодот што доаѓа и натаму останува грижата за здравјето на вработените, како и одржувањето на тековната ликвидност и на финансиската стабилност, но и остварувањето на планските цели.